Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

________________

СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 491 -та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 2024 година**

Седницата се одржа на ден: 24.06.2024 година, во 10:00 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, претседател;
- **Ханиф Зендели**, заменик претседател;
- **Исамедин Лимани,** член;
- **м-р Александар Камбовски**, член;
- **Лорета Горгиева**, член;
- **Ивица Николовски**, член;
- **Сашко Георгиев**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;

Оправдано отсутни членови:

- **м-р Антоанета Димовска**, член- поради користење на годишен одмор
- **Мирсад Суроји**, член - поради користење на годишен одмор
- **м-р Селим Адеми**, член- поради користење на годишен одмор
- **Павлина Црвенковска**, член - поради користење на годишен одмор
- **м-р Тања Чачарова Илиевска** , член- поради користење на годишен одмор
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд *(уредно поканета)* извести дека користи годишен одмор
- **Игор Филков**, министер за правда *(уредно поканет)*.

Присутни од стручната служба:

- **Анита Андоноска,** државен советник
- **Александра Шоптрајанова,** технички секретар

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Претседателот на Советот откако констатира дека има потребен кворум за работа, го изложи предложениот Дневен ред и постави прашање дали има предлози за измена и дополнување на истиот, по што отвори расправа.

Ханиф Зендели – заменик претседател наведе дека ќе биде известител по претставките на м-р Тања Чачарова Илиевска- член на Советот, со оглед дека е отсутна.

м-р Ивица Николовски – член на Советот наведе дека ќе биде известител по претставките на м-р Антоанета Димовска – член на Советот, со оглед дека е отсутна.

Сашко Георгиев- член ан Советот наведе дека ќе биде известител по претставките на Павлина Црвенковска – член на Советот, со оглед дека е отсутна.

Претседателот на Советот констатира дека претставките пријавени за оваас едница од страна на Мирсад Суроји и тоа УПП.бр.08-76/24,148/24, 158/24 се повлекуваат од Дневниот ред за наредната седница на Советот.

Претседателот на Советот го стави на гласање предложениот Дневен ред. По гласањето констатира дека со 8 гласа -„За“, е усвоен следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Усвојување на:

- Записник од 485-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 29.04.2024 година;

- Записник од 486-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 15.05.2024 година;

- Записник од 487-та итна седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 20.05.2024 година;

2. Разгледување и усвојување на Упатство за измена и дополнување на Упатството за начинот на пресметување на ефективни работни часови,

3. Донесување на одлуки за престанок на судии поротници на Основен суд Струга и за избор на судии поротници во Основен суд Струга,

4. Разгледување и усвојување на Извештај на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на 10 (десет) судии во Апелационен суд Скопје,

5. Донесување на одлуки за времено упатување на судија во Основен суд Берово и за определување на ВД претседател на Основен суд Берово,

6. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:

- УПП бр.08-181/24;
- УПП бр.08-154/24,163/24, 172/24;
- УПП бр. 08-65/24, 85/24, 124/24, 137/24, 147/24, 167/24, 191/24;
- УПП бр. 08-143/24, 185/24;
- УПП бр. 08-152/24, 162/24;
- УПП бр.08-79/24, 119/24, 151/24, 161/24, 178/24;
- УПП бр.08-78/24, 140/24 и 160/24;

7. Одлучување по Известување од Комисија за утврдена фактичка состојба по поднесено барање за утврдување одговорност на судија и

8. Формирање на комисии на известители по поднесените барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд .

**Точка 1 - „Усвојување на Записник од 485-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 29.04.2024 година; Записник од 486-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 15.05.2024 година;Записник од 487-та итна седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 20.05.2024 година“.**

Претседателот на Советот по однос на 1-та точка од Дневниот ред отвори расправа по Записникот од 485-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 29.04.2024 година. Со оглед дека никој не се јави за збор, претседателот на Советот , го стави на гласање Записникот и по гласањето констатира дека со 6 гласа -„За“, е усвоен Записникот, констатираше дека за записникот не гласале новоизбраните членови на Советот, Исамедин Лимани и м-р Александар Камбовски.

Претседателот на Советот отвори расправа по Записникот од 486-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 15.05.2024 година.

За збор се јави Лорета Горгиева член на Советот која наведе дека има забелешки бидејќи дискусиите на 24 и 25 страна од записникот не биле соодветно пренесени, побара да се преслуша тонскиот запис и да се преработи записникот во овој дел.

Претседателот на Советот ја задолжи Стручната службата на Советот да го преслуша тонскиот запис и доколку има отстапувања со Заклучок да се измени записникот.

Со оглед дека повеќе никој не се јави за збор, претседателот на Советот , го стави на гласање Записникот и по гласањето констатира дека со 6 гласа -„За“, е усвоен Записникот, констатираше дека за записникот не гласале новоизбраните членови на Советот, Исамедин Лимани и м-р Александар Камбовски.

Претседателот на Советот отвори расправа по Записникот од 487-та итна седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 20.05.2024 година.

Наведе дека има забелешка односно дека се работи за техничка грешка која треба да се исправи на првата страна и наместо „9,45 часот“ треба да стои „21,45 часот“.

Со оглед дека повеќе никој не се јави за збор, претседателот на Советот, го стави на гласање Записникот и по гласањето констатира дека со 6 гласа -„За“, е усвоен Записникот, констатираше дека за записникот не гласале новоизбраните членови на Советот, Исамедин Лимани и м-р Александар Камбовски.

**Точка 2 - „ Разгледување и усвојување на Упатство за измена и дополнување на Упатството за начинот на пресметување на ефективни работни часови “.**

Претседателката на Советот поодноc на втората точка од Дневниот ред наведе дека од страна на Основен суд Свети Николе било доставено барање до Работното тело за примена и стандардизација на АКМИС системот во судовите, а во врска со модулот „Пресметка на ефективно работно време“ поврзан со оценување на работата на секој судија во кој рачно се внесуваат податоци секој месец. Во конкретниот случај претседателот на Основниот суд Свети Николе е член на Судскиот буџетски совет и со штиклирање на „Член на судски буџетски совет“ се губело полето „Претседател на суд“ ,па така наместо да се добијат 30+40=70 проценти се добиле само 40 проценти и на ваков начин оценувањето не ја одразувало реалната ситуација. Од страна на работното тело за примена и стандардизација на АКМИС системот во судовите, Основниот суд Свети Николе бил упатен да се обрати до Судскиот совет. Наведе дека Судскиот совет се обратил до ЕДУСОФТ кој известил дека при развојот на самиот модул во координација со сите челнови на Судскиот совет било протолкувано дека судијата може да добие само еден коефициент од наведените во членот 5 точката 6 од Упатството за начинот на пресметка на ефективни работни часови, имајќи во предвид ако се комбинираат повеќе коефициенти при пресметката постоела можност во некој случај да се надминат 100%. Со цел да се обезбеди реално вреднување на работата на судиите, члeновите на Судскиот совет на работен состанок заклучиле дека е потребно да се измени ова Упатство.

Претседателот на Советот ја предложи следната измена Во Упатството за начинот на пресметување на ефективни работни часови бр.01-1978/1 од 21.12.2020 година, во членот 5 ставот 9 се менува и гласи: „Намалувањата предвидени во овој член се собираат и може максимум да бидат до 100%“.

Претседателот на Советот отвори расправа, со оглед дека никој не се јави за збор Предлогот го стави на гласање и констатираше дека со 8 гласа „за“ усвоен е Предлогот за измена на Упатството.

**Точка 3 - „ Донесување на одлуки за престанок на судии поротници на Основен суд Струга и за избор на судии поротници во Основен суд Струга “.**

Претседателот на Советот по однос на третата точка од Дневниот ред и даде збор на известителот Лорета Горгиева - координатор за следење на работата на Основниот суд Струга

која наведе дека од страна на претседателот на Основен суд Струга доставен е предлог за престанок на функцијата судија поротник на Основниот суд Струга на Јорданка Јанческа, Хамиде Мена, Розе Танческа, Димче Гускароски, Живанка Ѓонеска и Ерион Илјази, избрани за судии поротници на Основен суд Струга со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-565/3 од 12.05.2020 година, поради истек на мандатот.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот за престанок на функцијата судија поротник и по гласањето констатираше дека со 8 гласа „За", е донесена следната

**О Д Л У К А**

На Јорданка Јанческа, Хамиде Мена, Розе Танческа, Димче Гускароски, Живанка Ѓонеска и Ерион Илјази,избрани за судии поротници на Основен суд Струга со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија 02-565/3 од 12.05.2020 годинаим престанува функцијата судија поротник, поради истек на мандатот.

Лорета Горгиева - координатор за следење на работата на Основниот суд Струга наведе дека од страна на претседателот на Основен суд Струга доставен е предлог за избор на судии поротници на Основен суд Струга и тоа: Розе Танческа, Ивана Пупалоски, Теодора Пејоска, Фахрета Џила, Бесјан Положани, Зоран Тодороски, Реике Чолаку, Етмира Жута и Живанка Ѓонеска.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот за избор на судии поротници на Основен суд Струга и по гласањето констатираше дека со 8 гласа „За", како и 3 гласа „За" од членовите на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија е донесена следната

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН СУД СТРУГА**

За судии поротници на Основен суд Струга се избрани:

1.Розе Танческа
2.Ивана Пупалоски
3.Теодора Пејоска
4.Фахрета Џила
5.Бесјан Положани
6.Зоран Тодороски
7.Реике Чолаку
8.Етмира Жута и
9. Живанка Ѓонеска.
Оваа одлука влегува во сила од 25.06.2024 година.

**Точка 4 - „ Разгледување и усвојување на Извештај на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на 10 (десет) судии во Апелационен суд Скопје".**

Претседателот на Советот по однос на четвртата точка од Дневниот ред му даде збор на м-р Миљазим Мустафа, претседател на Комисјата кој наведе дека врз основа на членот 2 став 3 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд по оглас за избор на 10 (десет) судии на Апелационен суд Скопје , 6 судии за граѓанска област и 4 судии за кривична

област, достави до Судскиот совет Извештај заведен под бр. 09-236/3 од 10.06.2024 година, за спорни пријави по оглас објавен во Службен весник на РСМ бр.270/23 за избор на 10 (десет) судии на Апелационен суд Скопје. Комисијата по поднесените пријави по огласот во поглед на навременост и комплетност на пријавите со потребните документите на кандидатите согласно член 45 и 46 ст.1 точка 3 и 4 од Законот за судовите ("Сл.весник на РМ бр. 58/06, 35/08,150/10,83/18, 198/18 и "Сл.весник на РСМ "бр. 96/19) нашла дека спорни се пријавите на кандидатите:

1. Бетим Јахја, судија на Основен суд Тетово кој не доставил Уверение за државјанство, Диплома за завршен Правен факултет, Уверение за положен правосуден испит .
2. Бранка Наумовска судија на Основен кривичен суд Скопје не доставил Диплома за завршен Правен факултет , Уверение за положен правосуден испит и нема потврда за судиски стаж
3. Кандидатот Александра Поп Стефанија судија на Основен суд Охрид нема потврда за судиски стаж.
4. Кандидатот Дијана Нацевска судија на Основен граѓански суд Скопје нема потврда за судиски стаж

Наведе дека согласно на членот 2 став 3 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, кога Комисијата ќе најде дека пријавата на кандидатот е спорна ја испраќа со образложение до Советот и дека Советот врз основа на членот 12 став 5 од Правилникот одлучува за прифаќање на спорните пријави .

Претседателот на Советот отвори расправа по Извештајот.

М-р Ивица Николовски – член на Советот кој воедно е и член на оваа Комисија наведе дека согласно Правилникот како Комсија се задолжени да ја утврдат состојбата и дека согласно Извештајот има четири спорни кандидта за кои точно било наведено кои се недостаоците во нивната апликација. Според него овв биле факти кои не биле спорни и мисли дека како судски совет треба да се одважат и апликациите на овие четири кандидати да се прифатат . На колегата Бетим Јахија кој е судија на Основен суд Тетово треба да му се отфрли апликацијата затоа што не доставил Уверение за државјанство, Диплома за завршен Правен факултет и Уверение за положен правосуден испит, па се поставувало едно прашање дали за кандидатот кој што носи статус судија на Основен суд Тетово е спорна неговата апликација. Тоа било ноторен факт и не требало да се докажува дека истиот нема завршено правен факултет, дека истиот нема положено правосуден испит, а сепак тој истиот кандидат е судија Наведе дека документацијата на секој судија се наоѓа во Архивата на Судскиот совет и според него ова би било спорно само во случај кога некој би се сомневал. Истото се однесувало и за другите кандидати Бранка Наумовска судија на Основен кривичен суд Скопје, Александра Поп Стефанија судија на Основен суд Охрид и Дијана Нацевска судија на Основен граѓански суд Скопје. Предложи да не бидат премногу строги формалисти, точно било тоа дека Законот за судови има одредби кај што наведува кој услови треба еден судија да ги исполнува кога алицира односно напредува во својата кариера и дека овие услови кои ги барал законот биле докажливи и видливи и дека истите би требало да се бараат доколу би се посомневале на пример дека кандидатот нема доволно судиски стаж. Наведе дека доаѓа од судиската фела и лично смета дека ќе биде осуден од судиската фела затоа што бил против еден од овие кандидати да учествуваа во оваа постапка за избор на судија во повисок суд затоа што не доставил диплома за завршен Правен факултет. Предложи да се прифатат овие пријави и да се дозволи учество на овие кандидат во постапката за избор на судија во повисок суд.

Сашко Георгиев - член на Советот наведе дека се согласува со изнесеното на колегата Ивица и смета дека за документи со кои Судскиот совет располага не би требало да бидат премногу строги и формалисти и дека за ова имале начелен став дека овие документи со кои располага Советот не се причина да бидат пријавите отфрлени како некомплетни.

Лорета Горгиева – член на Советот наведе дека било апсолутно неважно името на апликантот кој се пријавил на огласот за избор на судија во повисок суд, меѓутоа наведе дека не се согласува со изнесеното на колегата Ивица иако ќе гласа да бидат прифатени пријавите , но дека не можела да се согласи со еден ваков тип на дискусија. Најнапред истакна дека како судија ја повредувало и смета дека е непочитување од страна на колегите судии да изразат амбиција да напредуваат во повисок суд а да не прочитаа оглас, Закон за судови и Законот за Судски совет на РСМ тоа што се налага како задолжителна документација за избор во повисок суд да го достават уредно. Ако се врателе наназад во некои претходните избори за судија во повисок суд ќе виделе дека биле ригорозни и гледале секој кандидат да ги исполнува сите услови односно да има доставено комплетна и уредна документација за да биде ставен на кандидатска листа и смета дека се селективни нагласи да не се разбере погрешно ќе ги подржела овие кандидати, но не било во ред ваквото постапување. Требало да се преиспитаа дали ќе дадат таква ширина и во наредните избори.

Исамедин Лимани - член на Советот наведе дека кандидатите наведени во Извештајот кои не ги доставиле документите веројатно како и сите други сметала дека е небулоза судија кој ја врши судиската функција да доставува документ за заврешн правен факултет , уверение за државранство и др. бидејќи тоа било останато во Законот за судовите од времето кога се бирале судии во апелационен суд и конкурирале адвокати и професори. Во законот имало некои недоречености ,огласот е објавен согласно одредбите на Законот кои се во важење и можело во заграда да се наведе дека тие податоци Судскиот совет ги поседува во Архивата и се согласи овие пријави да влезат во постапката за унапредување. Но во идните објавувања на огласи ќе требало да бидат подецидни со наведување кои документи законот ги бара но да се наведело кои податоци Судскиот совет ги има и дека не е потребно да ги доставуваат. На тој начин можеле и морале да ја запазат законската форма или на кандидатите бидејќи овде е управна постапка можело да им се даде рок од 3 дена и да ги достават документите. Не дека тие не знаеле туку смета дека со недоставување на овие документи според него судиите како да протестираат бидејќи документите Советот ги има и затоа ќе гласал да се прифатат овие пријави.

Лорета Горгиева – член на Советот во реплика наведе дека требало да се применува законот а не да се укажува на судијата во рок од 3 дена да достави документи во ситуација кога доброволно барал да биде унапреден, а не се потрудил да го прочита огласот и законот и да достави уредни документи и надвор од закон да се даде рок од 3 дена да ги уреди документите.

Претседателот на Советот наведе дека Комисијата апсолутно била во право кога ги констатирала овие пријави за спорни со оглед на надлежноста која ја има да ја утврдува навременоста и комплетноста на пријавите. Комплетноста произлегувала од објавениот оглас и останува на Советот да одлучи дали треба да ги прифатат како спорни или неспорни. Секој член требал да се произнесе дали ќе ги прифата ваквите или слични пријави во прилог на кои не се доставени сите потребни документи. Покрај Уставот, законите и меѓународно ратификуваните договори како член на Советот особено ја ценела и почитувала праксата на Европскиот суд за човекови права, бидејќи нашата држава се стремела да стане дел од европското семејство и ова пракса морала да се почитува. Праксата велела во многу пресуди дека претераниот формализам не требал да се дозволи, така да оние норотни факти кака тоа дали судијата е државјанин, дали има диплома за правен факултет дали има положен правосден испит,

далиима судиска стаж да прифати дека тоа е спорно и како би го образложила своето гласање да се отфрлат пријавите бидејќи не било утврдено дека нема државјанство или завршено правен факултет или слично. Наведе дека ќе гласа овие пријави да се прифатат како неспорни и понатаму да продолжи постапката.

Лорета Горгиева – член на Советот во реплика по однос на тоа што го навела претседателката „Како ќе го образложела своето гласање ако им се отфлеле пријавите на кандидатите", и одговори дека ќе образложи со една единствена реченица дека од формално гледна точка кандидатите не ги доставиле потребните документи и истите нема да бидат предмет на разгледување.

Со оглед дека повеќе никој не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање „Извештајот на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на 10 (десет) судии во Апелационен суд Скопје" и по гласањето констатираше дека со 3 гласа „За" и 5 гласа „Против" не е усвоен Извештајот.

м-р Миљазим Мустафа член на Советот побара поединечно да се гласа за секоја пријава.

Претседателката на Советот го стави стави на гласање предлогот „пријавата на Бетим Јахја, судија на Основен суд Тетово да се прифати за неспорна " и по гласањето констатираше дека со 8 гласа „За" оваа пријава се смета за неспорна.

Претседателката на Советот го стави стави на гласање предлогот „пријавата на Бранка Наумовска судија на Основен кривичен суд Скопје да се прифати за неспорна " и по гласањето констатираше дека со 7 гласа „За" и 1 глас „Против" оваа пријава се смета за неспорна.

Претседателката на Советот го стави стави на гласање предлогот „Пријавата на Александра Поп Стефанија судија на Основен суд Охрид да се прифати за неспорна " и по гласањето констатираше дека со 7 гласа „За" и 1 глас „Против" оваа пријава се смета за неспорна.

Претседателката на Советот го стави стави на гласање предлогот „Пријавата на Дијана Нацевска судија на Основен граѓански суд Скопје да се прифати за неспорна " и по гласањето констатираше дека со 7 гласа „За" и 1 глас „Против" оваа пријава се смета за неспорна.

**Точка 5 „ Донесување на одлуки за времено упатување на судија во Основен суд Берово и за определување на ВД претседател на Основен суд Берово ".**

Претседателот на Советот по однос на петата точка од Дневниот ред наведе дека од страна на ВД претседателот на Основен суд Берово-Дарко Ристов (инаку судија на Основен суд Кочани) е доставено известување дека на 01.07.2024 година на истиот му истекува периодот за кој е времено упатен за вршење на судиската функција во Основниот суд Берово. Воедно известува дека со решение на Судскиот совет е определен и за ВД претседател на Основниот суд Берово. Поради ваквата состојба потребно е времено да се упати судија, а воедно да се определи и ВД претседател на Основниот суд Берово. Наведе дека поради отсуство на членот на Советот Селим Адеми на денешната седница истиот не може да се произнесе.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Лорета Горгиева – член на Советот наведе дека досега неколку пати Советот објавувал огласи за избор на претседател на Основен суд Берово и истите останувале нереализирани, бидејќи не се пријавувале кандидати. Од тие причини Основниот суд Берово бил покриван со ВД

претседател. Во моментов ВД претседател е Дарко Ристов кој е делегиран од Основниот суд Кочани, а истовремено има делегирано и еден судија од редот на академците кој доаѓал од Основниот суд Струмица. За да можеле да одлучуваат требале да имаат на увид, судови од Апелационото подрачје Штип и тоа Основниот суд Штип , Основниот суд Кочани и Основниот суд Струмица колку предмети имаат во работа и  во моментов колку судии ја вршат судиската функција. за да можело да се најде најоптимално решение, односно кој суд би бил помалку оштетен со делегирањето на еден судија. Нагласи дека колегите  од редот на Академијата кои биле избрани минатата година за судии истите ги делегирале во други судови, но дека истите не можеле да бидат ВД претседатели, бидејќи се барало одредени години на стаж. Праша дали може да се добијат податоци од службите, тоа што го видела во системот е дека податоците со денешна дата не биле ажурирани, имало пензионирани судии, кои не биле внесени, распоредот на академците не бил внесен. Според нејзино лично мислење смета дека судот во Струмица има околу 7-8 судија,  а еден од судиите ќе одел во пензија, еден веќе бил пензиониран, од тројцата академци еден ја вршел функцијата во судот, додела двајца судии биле делегирани, од кои еден во Основниот суд делчево, а другиот во Основен суд Берово. Основниот суд Кочани иста така смета дека е полупразен, еден судија бил избран за претседател на Основен суд Виница и имаат еден академец, но и таму недостасувале судии и според нејзини проценки најсоодветно бил екипиран и Основниот суд Штипа, со тоа што и колегата Сашко Георгиев посел одморите се враќа во овој суд, така да имале еден судија плус во Основен суд Штип.

Претседателката на Советот наведе дека во меѓувреме добила материјали од Службата и праша дали колегите се согласуваат да ги прочита овие податоци и наведе дека  Основниот суд Штип во моментов имал 9 судии, Основен суд Кочани 7 судии и Основен суд Струмица 9 судии. Укажа дека Основниот суд Штип заклучно со месец мај имал остаток од 3687 предмети, Основниот суд Струмица 3167 предмети а Основниот суд Кочани 2937 предмети идека треба најрационал да се одлучува.

Сашко Георгиев – член  на Советот наведе дека ова бил реален проблем и дека е се поизразен како одминувало времето особено во источниот дел од државата и смета дека тоа што го изнела колешката Лорета било многу субјективно каде образложила дека за одредени судови немло можности, а дека за Основниот суд Штип имало можности. Смета дека би било најцелискодно да се делегира судија од најблискиот суд бидејќи Берово и бил опланиско подрачје поради што не се јавувале и доброволци.

Претседателот на Советот наведе дека поради тоа требало да се дискутира врз основа на фактии аргументи за да не се посомневаат во нивната непристраснот.

Лорета Горгиева – член на Советот  во реплика наведе нејзината дискусија не била ниту субјективна ниту селективна истата произлегувала од работниот состанок кој го имале непосредно пред одржување на седницата и од системот ги имале на увид сите  неажурирани податоции  смета дека сите виделе дека најсоодветно би било и најмалку би трпел Основнито суд Штип, затоа што  бил најмногу екипиран и повтори дека колегата Сашко се враќал веднаш после одморите. Основниот суд штип, Основниот су дКочани И Основниот суд Струмица биле судови со проширена надлежност и за време на судската ферија имале проблеми да состоават совети за притвор , за оценка на обвинителен акт, за времени мерkиво граѓанско. Смета дека било многу важно за судот од кај што ќе делегирале не трпи штето посебно за време на судската ферија, особено тоа го знаеле членовите кои доаѓале од редот на судиите. Наведе дека самата бројка не значело ништо ако не се ставеле во корелација со судиите кои работеле активно ида се извадело просек  на секој судија по колку предмети би доаѓало, така ќе можеле да одлуачат, а факт било дека денес би требало да одлучат бидејќии судот во Берово ќе трпел штета.

Претседателот на Советот наведе дека седницата била закажана мината недела и сите членови имале доволно време да ги анализираат фактите, бидејќи истите материјали биле доставени и до неа и дека би гласала да биде делегиран судија од Основниот суд Штип или од Основниот суд Струмица. Основниот суд Кочани го елеминирала на старт бидејќи имал помалку судии, а бројот на предмети бил приближен во сите три суда, додека ако се земел бројот на предмети смета дека најрационално е да се делегира судија од Основниот суд Струмица и дека не и познат ниту еден судија како во Основниот суд Штип, така и во Основниот суд Струмица.

Сашко Георгиев – член на Советот наведе дека треба да се има во предвид и оддалеченоста на судот, од Штип до Берово било некаде околу 90-100 километри. Од друга страна Струмица до Берово било одколу 35-40 километри. Напомена дека точно било тоа дека тој во септември се враќа во Основниот суд Штип, но дека и колешката Лорета во Основниот суд Струмица се враќала во декември.

Претседателот на Советот предложи за да не трпат судовите времено да ги упатат судии за пократок период.

Ханиф Зендели – заменик претседател на Советот наведе дека познат е фактот дека има недостаток на судии, напомена дека Основниот суд Виница имал двајца судии а имал помал број на предмети, односно помалку од 360 предмети, а бил помеѓу Берово и Струмица, па можеби и од тука можело да се размисли еден судија времено да се упати, бидејќи и Основниот суд Крушево функционирал со еден судија, а потоа од Основен суд Струмица времено да се упати еден судија во Основниот суд Виница. Ја предложи судијата Даниела Костадинова Тиловска.

м-р Миљазим Мустафа – член на Советот наведе дека е позната ситуацијата особено во источниот дел од државата дека судовите не може да се пополнат со претседатели и судии, имајќи во предвид дека се наоѓаме пред судскаферија, а во Основниот суд Берово има само еден судија кој е делегиран од академците, а судијата Драко Ристов е времено упатен до 01.07.2024 година , предложи во овој момент времено да не се упатува друг судија , туку за ВД претседател да се определи судијата Билјана Иванова, бидејќи законот не барал посебни услови за определување на ВД претседател на суд, а од септември да се одлучело дополнително.

Претседателот на Советот истакна дека и за нејзе овој предлог е прифатлив бидејќи во законот нема пречка, а на крајот од август да се разгледува дополнително кога ќе биле присутни и координаторите на Основен суд Берово, Основен суд Штип и Основен суд Струмица.

Лорета Горгиева – член на Советот во реплика наведе дека години station наназад од Основниот суд Струмица биле времено упатувани судии во Основен суд Берово и дека секогаш судот во Штип имал поголем број на судии меѓутоа делегирањата секогаш биле на адреса на судот во Струмица и судот во Кочани. Точно било тоа дека доаѓа од Основниот суд Струмица но нејзината дискусија не била субјективна и била заснована на аргументи и факти.

м-р Александар Камбовски – член на Советот наведе дека предлогот на колегата Миљазим бил добар и дека требало да се произнесат по истиот доколку се согласувале останатите членови.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ За вршител на должноста претседател на Основен суд Берово се определува Билјана Иванова, судија на Основен суд

Струмица и  се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот и констатираше дека со 7 гласа „За“ и 1 глас „Против“ е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА  претседател на Основен суд Берово се определува Билјана Иванова, судија на Основен суд Струмица и  се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот.

Решението влегува во сила од 02.07.2024 година.

**Точка 6 „Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија“.**

Претседателот на Советот му даде збор на Сашко Геориев по однос на претставката УПП.бр.08-181/24 кој наведе дека во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основниот суд Куманово по предметот П1 – 123/23.. Во конкретниот случај се работи за сеуште активен предмет, по кој постапката пред првостепениот суд е сеуште во тек, се превземаат дејствија и се изведуваат докази. По завршување на постапката пред првостепениот суд доколку подносителот на претставката е незадоволен од исходот на постапката и донесената првостепена одлука има можност да го искористи правото на контрола на донесената првостепена одлука со поднесување на жалба до второстепениот суд, Согласно со наведеното, наводите на подносителот изнесени во претставката се жалбени наводи  и истите можат да бидат ценети само од страна на повисокиот суд,  во случајов Апелациониот суд Скопје, кој согласно со одредбите од Законот за судовите, единствено може да ја менува или укинува првостепената одлука во постапка пропишана со закон. Судскиот совет на Република Северна Македонија  согласно со своите надлежности утврдени во член 36 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ, бр120/19) нема надлежност да постапува по предмети и да спроведува судења. Согласно со наведеното неоснован е и наводот на подносителот истакнат во претставката со кој бара прекинување на постапката која се води пред Основен суд Куманово  и судење пред Судскиот совет. Врз основа на наведеното предложи преставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Со оглед дека никој не се јави за збор Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот  и по гласањето констатира дека со 8 гласа „За“ и /// гласа  е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП-08-181/24 е неоснована

Претседателот на Советот му даде збор на м-р Ивица Николовски кој ќе ги изложи претставките наместо м-р Антоанета Димовска која не е присутна на седницата.

**Претставка УПП.бр.08-154/2024.** Во претставката, меѓу другото, подносителот наведува дека Апелациониот суд Штип донел решение КЖ.бр.254/23 од 18.03.2024 година со кое неговата жалба ја одбил како неоснована и го потврдил решението на Основниот суд Струмица К.бр.228/23 од 20.09.2023 година. Наведува дека Претседателот на Основниот суд Струмица не

постапувал согласно Законот за судовите, заради што е побарано и негово изземање, меѓутоа иститот не бил изземен., како и тоа  дека Претседателот на Основниот суд Струмица немал законско овластување да ги користи личните податоци на барателот за негово изземање. Од спроведените извиди, увидот во претставката и прилозите на истата, се  најде дека неговата претставка е нејасна, необразложена и не наведува конкретно во што се состои неговото незадоволство од работата на судиите на Апелациониот суд Штип кои постапувале по неговата жалба поднесена против решението на Основниот суд Струмица К.бр.228/23 од 20.09.2023 година со кое била одбиена приватна тужба против судиите на Врховниот суд на РСМ за кривично дело – "Давање лажен исказ", заради што предложи претставката да се  одбие како неосновано.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

**Претставка УПП.бр.08-163/2024.** Во претставката, меѓу другото, подносителот изразува незадоволство од работата на Врховниот суд на РСМ по предметот Рев3.бр.57/23 во смила на тоа дека во моментот на поднесување на ревизијата до Врховниот суд на РСМ по предметот на Апелациониот суд Скопје РОЖ.бр.824/22 тужениот во предметот – "Зегин" ангажирал нов бранител, син на Претседателката на Врховниот суд на РСМ заради што смета дека би можело да постои влијание на Претседателката на Врховниот суд на РСМ при одлучувањето по ревизијата. Врховниот суд на РСМ донел решение Рев3.бр.57/23 од 07.03.2024 година со кое ревизијата на тужениот била уважена и предметот бил вратен на повторно судење пред првостепениот суд. Рочиште за предметот, е закажано за 20.11.2024 година. Наведува дека причините за укинување на двете одлуки на пониските судови се смешни затоа што судот одлучил по барање за дополнување на пресуда со решение за исправка на техничка грешка, а не се дополнителна пресуда. Се работи за предмет кој е во работа повеќе од 5 години од поднесување на тужбата. Смета дека Врховниот суд на РСМ требал мериторно да одлучи согласно начелото на економичност. Од спроведените извиди, увидот во претставката и изјавите на судиите, Советот најде дека повредата која ја направиле пониските судови, а тоа е дека првостепениот суд не можел да донесе решение за поправање на пресудата туку морал да донесе дополнителна пресуда не е од таква природа за да се укине пресудата. Одредбите за тоа кога се донесува решение за поправање на пресуда се јасни и Врховниот суд на РСМ е надлежен да постапува во рамките на своите надлежности како што и постапил. Бидејќи постапката е вратена на одлучување пред првостепениот суд потребно е да се сочека исходот од истата. Наводот во претставката дека тужениот во предметот – "Зегин" ангажирал нов бранител, син на Претседателката на Врховниот суд на РСМ па оттука би можело да постои влијание на Претседателката на Врховниот суд на РСМ при одлучувањето по ревизијата е неоснован од причина што Претседателката на Врховниот суд на РСМ не учествува во судењата по предметите во Врховниот суд на РСМ, конкретно и за наведениот предмет Рев3.бр.57/23. Во контекст на наведеното член 11 став 1 и 2 од Законот за судовите предвидува дека судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект. Воедно, согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

**Претставка УПП.бр.08-172/2024**. Во претставката, меѓу другото, подносителот изразува незадоволство од постапувањето на Основниот граѓански суд Скопје по предметот ВПП.бр.571/22 и Апелациониот суд Скопје по предметот ГЖ.бр.3648/22. Од спроведените извиди, увидот во претставката и прилозите на истата, истиот бил известен по претставка УПП.бр.08-129/24 од 15.05.2024 година, од одржаната седница на Советот на 29.04.2024 година во смисла на тоа дека истата е неоснована, а во врска со предметите на Основниот граѓански суд Скопје ВПП.бр.571/22 и Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.3648/22. Со оглед на тоа дека во новата претставка не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, претставката ќе се затвори со службена белешка, согласно по член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози, најсоодветно е предметот да се архивира со службена белешка.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

Претседателот на Советот, ги стави на гласање предлозите на известителот, и по гласањето констатира дека со 8 гласа „За" е донесена следната

ОДЛУКА

Претставката УПП бр.08-154/24 е неоснована, претставката 163/24 е неоснована и претставката 172/24 да се затвори со службена белешка.

Претседателот на Советот и даде збор на Лорета Горгиева – член на Советот која истакна дека ја повлекува претставката УПП.бр.85/24 заради дополнителни извиди.

**Претставка УПП.бр.08-65/2024.** Со анонимна претставка доставена до Судскиот совет на РСМ и заведена под УПП.бр.65/2024 од 12.01.2024 година, се изразува незадоволство од работата на Претседателот на Основен суд Битола, во врска со објавен оглас за вработување на стручна служба на определено време - 23 извршители кое пријавување завршило на 02.02.2024 година. Во претставката се наведени конкретни лица и конкретни податоци од самиот оглас. Во претставката се укажува дека на 05.02.2024 година бил извршен изборот на кандидатите, а другите кандидати кои не биле примени, биле известени наредниот ден. Договорите на определено време биле продолжени на 19 лица од вкупно 23 односно 4 лица отпаднале. Претседателот на судот не им го продолжила договорот на хигиеничарката Дијана Белеска, која е бремена, на Моника Сеуловска која веќе трета година требало за започне со работа и да биде унапредена. Исто така не бил продолжен договорот и на лицата Ивана Ристевска и Марија Радевска кои претходно една година работеле и се труделе да ги извршат своите работни задачи. Претседателот на судот во својата изјава ги негира наводите во анонимната претставка. Истата наведува дека постапила законито, одлуката за избор ја носи таа како Претседател на судот, без да даде образложение зошто биле примени нови 4 лица. Членот на Советот Лорета Горгиева наведе дека во анонимната претставка не се наведени паушални наводи туку се работи за конкретни имиња. Исто така Претседателот на Судскиот совет на РСМ со резолуција од 22.04.2024 година извршила спојување на дописот на Основниот суд Битола Су.бр.03-237/24 од 18.03.2024 година, заведен во Советот под бр.03-567/4 од 22.03.2024 година, а во врска со огласот за прием на стручна служба на определено време - 23 извршители како во анонимната претставка. Членот на Советот Лорета Горгиева предложи претставката да се затвори со Службена белешка, а истата со сите списи, меѓу кои и дописите бр.03-567/1 од 06.03.2024 година, бр.03-567/2024 од 12.03.2024 година, бр.03-567/24-2 од 15.03.2024 година и бр.03-567/4 од 22.03.2024 година да се достават до Државната комисија за спречување на корупција и надлежното Основно јавно обвинителство на натамошно постапување.

Претседателот на Советот отвори расправа и наведе дека се секава дека некој од колегите веќе реферирал претставка со исти наводи и истата била затворена бидејќи Советот нема надлежност по однос на вработувањата на судска администрација.

Лорета Горгиева – член на Советот истакна дека не се согласува со ставот дека Советот не е надлежен, бидејќи се работело за анонимна претставка со сериозни наводи за корупција и дека нејзиниот предлог не бил дека е неоснована тука да се затвори со службена белешка и да се достават до Државната комисија за спречување на корупција и надлежното Основно јавно обвинителство и да се видело дали има елементи на непотизам и лични конекции на претседателката на Основен суд Битола и за земање на парични средва на лица вработени во судот.

м-р Александар Камбовски – член на Советот наведе дека од тоа што го имале како материјали за седница не би извлекол заклучок дека се работи за сериозна претставка, од причини што во претставка биле точно наведени имиња дека биле во роднински врски, но доказ немало. Од друга страна во одговорот на претседателот на судот се негирале овие наводи што значело дека имале збор на анонимна пријава и збор на претседател на суд и постави прашање на кого првично би требале да веруваат. Второ, наведе дека постапките за вработување подлежеле на контрола кај соодветни органи во државата. Во еден дел од претставката се наведувало дека одредено лице било роднина на судијата, за подолу да се наведе дека таа и била омилена и постојано работела со таа судија па затоа ја унапредила, за тоа дека постоело некое незадоволство зошто некој во судот се вработил или бил унапреден Судскиот совет не можел да расправа или пак да се смета дека ова бил сериозен показател за корупција, па предложи со оглед дека се работи за претставка за вработување за кое Советот не е надлежен да одлучува да се затвори со службена белешка како анонимна претставка.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот на Лорета Горгиева „Претставката да се затвори со Службена белешка, а истата со сите списи, меѓу кои и дописите бр.03-567/1 од 06.03.2024 година, бр.03-567/2024 од 12.03.2024 година, бр.03-567/24-2 од 15.03.2024 година и бр.03-567/4 од 22.03.2024 година да се достават до Државната комисија за спречување на корупција и надлежното Основно јавно обвинителство на натамошно постапување и по извршеното гласање со 2 гласа "За" и 6 гласа "Против" констатираше дека не се прифати предлогот на Лорета Горгиева – член на Советот.

Потоа, претседателот на Советот го стави на гласање предлог на членот на Советот м-р.Александар Камбовски „ Да се затвори со службена белешка како анонимна претставка", и по гласањето констатираше дека со 6 гласа "За" и 2 гласа "Против" е прифатен предлогот претставката да се затвори со службена белешка како анонимна.

**Претставка УПП.бр.08-124/2024.** Во претставката, меѓу другото, подносителот изразува незадовлство од водење на расправата од рочиштето одржано на ден 26.03.2024 година од страна на судијата по предметот на Основен граѓански суд Скопје П5.бр.39/23. Во претставката подносителката наведува дека била остранета од судницата на предметното рочиште со што се нарушува редот во судницата. Понатаму судијата пристрасно ја водела постапката, а барала и тонско снимање од рочиштето, меѓутоа тонско снимање не било овозможено. Бара од Судскиот совет на РСМ да утврди дали има можност за снимање на закажаното рочиште за 14.05.2024 година, како и да одреди претставник да присуствува на следното рочиште закажано за 14.05.2024 година. Од спроведените извиди, увидот во претставката, прилозите на истата, одговорот на судијата и увидот во софтверската апликација "Контролник на судови", се најде

дека по постапката по предметот П5.бр.39/23 на Основниот граѓански суд Скопје на ден 22.05.2024 година донесена е одлука која е верификувана на 31.05.2024 година. Доколку подносителката е незадоволна има право на жалба до второстепениот суд, па воедно наводите во претставката судот ќе ги цени како жалбени наводи при одлучувањето. По однос на наводот во претставката дека записникот не бил потпишан од страна на подносителката, а во рубриката "полномошник на тужен" наведено е дека приговора на записникот од причини кои ќе ги образложите со поднесок, Согласно член 118 став 2 и член 119 став 6 од ЗПП причините за одбивање на поптишување на записникот се забележуваат на записникот, кое нешто не било сторено од нејзина страна. Од писменото известување на информатичарот од Основниот граѓански суд Скопје од 09.04.2024 година се утврди дека опремата за снимање во судница бр.14 не е во функција. Воедно, согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Предложи претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

**Претставка УПП.бр.08-137/2024.** Во претставката, меѓу другото, како тужен во постапката по предметот РО.бр.53/23 на Основниот суд Виница подносителот наведува дека 20.02.2024 година полномошникот на тужителот не се јавил на рочиште заради што на 20.02.2024 година судот донел решение дека тужбата се смета за повлечена. Меѓутоа на 28.02.2024 година полномошникот на тужителот доставил предлог за враќање во поранешна состојба по што судијата на 29.02.2024 година испратил покана за рочиште по предлогот за враќање во поранешна состојба за 02.04.2024 година. Подносителот дал одговор на враќањето во поранешна состојба на 13.03.2024 година и оваа претставка ја смета како надополнување на претходно поднесена претставка од 12.02.2024 година. Бара од Судскиот совет на РСМ итна реакција заради, според него, незаконското постапување на судијата. Од спроведените извиди, увидот во претставката, прилозите на истата, изјавата на судијата кој постапувал по предметот и увидот во софтверската апликација "Контролник на судови", се најде дека во постапувањето по предлогот за враќање во поранешна состојба судијата истиот го доставил на одговор на спротивната страна и закажал рочиште согласно член 113 од ЗПП бидејќи немало услови за отфрлање на согласно одредбите од член 110 и 111 од ЗПП. Судијата донела решение РО.бр.53/23 од 02.04.2024 година со кое предлогот за враќање во поранешна состојба го одбил. Полномошникот на тужителот ова решение го примил на 03.04.2024 година, а подносителот го примил на 04.04.2024 година. Против истото на ден 03.06.2024 година е поднесена жалба, па со оглед на тоа дека наводите во претставката преставуваат и жалбени наводи, второстепениот суд ќе ги има предвид и ќе ги цени како такви при одлучувањето. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Предложи претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

**Претставка УПП.бр.08-147/2024**. Во претставката меѓу другото, подносителот изразува незадоволство од Основен суд Штип по предмет П1.бр.7/23, за надомест на материјална штета каде во постапката истиот е тужен заедно со подносителката Елизабета Симјонова од Штип. Наведува дека тужителот е сосед кој според него поседувал доизградена соба на диво, без никакви документи, која подоцна ја легализирал. Смета дека истата била надвор од градежните стандарди. Во 2020 година тужителот направил вештачење со кое ја

тужел соседката Татјана Бицовска. Подоцна со истото вештачење, кое било застарено според него, тужителот ја поднел оваа тужба по предметот П1.бр.7/23. Истито наведува дека поседува уредно вештачење од кое се гледа дека нивниот имот бил загорзен со дива градба на тужителот, меѓутоа судот му го уважил тужбеното барање. Од спроведените извиди, увидот во претставката, прилозите на истата, одговорот на судијата и увидот во софтверската апликација "Контролник на судови", се најде дека во постапката по предметот П1.бр.7/23 на Основниот суд Штип на ден 29.03.2024 година е поднесена жалба, па со оглед на тоа дека наводите во претставката преставуваат и жалбени наводи, судот ќе ги има предвид и ќе ги цени како такви при одлучувањето. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Предложи претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

**Претставка УПП.бр.08-167/2024**. Во претставката, меѓу другото, подносителот изразува незадоволство од постапувањето на Основниот граѓански суд Скопје по предметот П1.бр.176/22, за укинување на право на комунална-техничка службеност сметајќи дека судијата по предметот постапувала некоректно и пристрасно ја водела постапката. Во самиот записник од рочиштето кој подносителот не го потпишал меѓу другото стои дека судијата на записник донел решение дека прашањето било навредувачко и го усвоил приговорот. Следното рочиште било закажано за 4 месеци и спротивно на одредбите од ЗПП во оваа фаза на постапката судијата донел решение да продолжи расправата со сослушување на сведоци, за што имате приговарано. Од спроведените извиди, увидот во претставката, одговорот на судијата и увидот во софтверската апликација "Контролник на судови", се најде дека предметот е во работа и е закажана расправа за 05.07.2024 година што значи потребно е да се сочека исходот од постапката. По донесувањето на мериторна одлука, доколку подносителот е незадоволен има право да поднесете жалба, па со оглед на тоа дека наводите во претставката преставуваат и жалбени наводи, врворостепениот суд ќе ги има предвид и ќе ги цени како такви при одлучувањето. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Предложи претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

**Претставка УПП.бр.08-191/2024.** Во претставката подносителката изразува незадоволство од постапувањето на со предметот К.бр.235/21 на Основен суд Велес. Наведува дека се работи за настан во кој според нејзе, нивниот сосед Милан заради проблем околу паркирањето на возилото пред нејзината куќа го нападнал лицето Кристијан кој има 20 години. Истата заедно со сестрата на Ирена биле сведоци на настанот, заедно биле во обвинителство и дале изјава, но не биле повикани како сведоци. Судот пресудил во корист на лицето Милан. Кристијан бил давен од Милан, а Ирена била тепана од зад грб. Наведувате дека се оштетени во целата ситуација. Од спроведените извиди и увидот во претставката, се најде дека за исти факти и околности подносителката веќе била известена по претставка УПП.бр.08-95/24 од 14.03.2024 година, на ден 20.05.2024 година, а од одржана седница на Советот на 29.04.2024 година и било констатирано дека истата е неоснована. Од причина што во новата претставка УПП.бр.08-191/1 од 07.06.2024 година не се изнесени нови факти и околности кои не биле

познати во претходното постапување во смисла на член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози("Сл. весник на РМ" бр.82 од 8 јули 2008 год.) преставката ќе се смета за завршена и да се архивира со службена белешка.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

Претседателот на Советот, ги стави на гласање предлозите на известителот и по гласањето констатира дека со 8 гласа „За" е донесена следната

ОДЛУКА

Претставката УПП.бр.08-124/24 е неоснована, Претставката УПП.бр.08-137/24 е неоснована, Претставката УПП.бр.08-147/24 е неоснована, Претставката УПП.бр.08-167/24 е неоснована, Претставката УПП.бр.08-191/24 да се архивира со службена белешка.

Претседателот на Советот констатираше дека претставките УПП бр. 08-76/24, 148/24, 158/24 се повлечени при утврдувањето на Дневниот ред бидејќи на седницата не е присутен известителот Мирсад Суроји-член на Советот.

Претседателот на Советот му даде збор на м-р Миљазим Мустафа кој наведе дека во **Претставка УПП бр.08-143/24** се изразува незадоволство од постапување на судии на Апелациониот суд Скопје по предмет РОЖ-292/23. По спроведени извиди и од прибавена изјава од судиите на Апелациониот суд Скопје кои постапувале по предметот РОЖ-292/23 се најде дека предметот РОЖ-292/23 оформен по жалба на подносителот против пресуда на Основен граѓански суд Скопје по предмет РО-2917/21 со кој тужбеното барање на тужителката за поништување решение за утврдување плата на државен службеник на Министерство за финансии и одлука на Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори како незаконити, се одбива како неосновано. На одржана нејавна седница на 13.09.2023година, Апелациониот суд Скопје донел одлука со која пресудата на првостепениот суд РО-2917/21 од 23.06.2022 година се потврдува. При одлучувањето советот при Апелациониот суд Скопје одлучил согласно одредбите од ЗПП, Законот за работни односи, Правното мислење на Врховниот суд на РСМ од 12.07.2022 година во однос на додатокот за степен на кариера, согласно на Заклучок на Апелациониот суд Скопје од 26.11.2019 година како и судската пракса на Врховниот суд на РСМ.Предложи претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

**Претставка УПП бр.08-185/24.** Се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Струга по предмет МАЛВП-27/23 од причина што како наведува поминале петнаесет месеци од кога Апелациониот суд Битола ја укинал првостепената пресуда и сеуште Основниот суд Струга не го решил предметот.По преставката претходно заведена под бр.08-245/23 Советот расправал на седницата одржана на ден 28.09.2023година кога констатирал дека е неоснована во однос на наводите за одлагање на постапката, и за донесената одлука подносителот е известен. Во однос на наводите во претставката бр.08-185/24 по спроведени извиди и од увид во Контролникот за работа на судовите во електронското досие на предметот на Основен суд Струга МАЛВП-27/23 се утврдило дека предметот пред Основен суд Струга е решен. На ден 16.02.2024 година судот ја објавил донесената одлука, а на ден 14.06.2024 година против истата изјавена е жалба. Со огле дека наводите во претставката кои се жалбени

наводи ќе бидат предмет на  разгледување и оцена од страна на повисок надлежен суд предложи жалбата да с еодбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

Претседателот на Советот, ги стави на гласање предлозите на известителот,  и по гласањето констатира дека со 8 гласа „За“ “, е донесена следната

ОДЛУКА

Претставката УПП бр. 08-143/24 е неоснована, претставката УПП бр. 08-185/24 е неоснована.

Претседателот на Советот му даде збор на Сашко Георгиев кој ќе ги изложи претставките наместо Павлина Црвенковска. која не е присутна на седницата.

Сашко Георгиев – член на Советот наведе дека ја повлекува претставката УПП.бр.152/24.

**Претставка УПП бр.08-162/1 -** По претходно поднесена претставка до Судскиот совет на подносителот му е одговорено со известување УПП бр.08-346/23 од 15.04.2024 година. Со оглед на тоа дека ново поднесената претставка на подносителот, во Советот заведена под УПП бр.08-162/1 од 07.05.2024 година се однесува на прашања на кои веќе му е одговорено и во истата не наведува нови факти и околности кои не биле познати при предходното постапување – предходните претставки, се утврди дека согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози нема основ за постапување по преставката, заради што наведе предметот  да се смета за завршен и истиот се архивира со службена белешка.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Со оглед дека никој не се јави за збор Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот  и по гласањето констатира дека со 8 гласа „За“, е донесена следната

ОДЛУКА

Претставката УПП.бр.162/24 да се архивира со службена белешка.

Претседателот на Советот му даде збор на Ханиф Зендели кој ќе ги изложи претставките наместо м-р Тања Чачарова Илиевска. која не е присутна на седницата.

**Претставка УПП.бр.08-79/24.** Подносителот на претставката преку полномошник, адвокат од Охрид изразува незадоволство од постапувањето на Основниот суд во Охрид по предметот ТС.бр.22/23, оформен по тужба од подносителот на претставката поднесена на ден 25.10.2023 година против Владата на РСМ, заради утврдување право на сопственост и предлог за издавање привремена мерка за забрана на тужениот да презема дејствија и да носи одлуки со кои ќе се врши било какво располагање и давање на трајно или краткотрајно користење на предметна недвижност. Посочува дека на ден 27.11.2023 година завршено било рочиштето по предлогот за издавање привремена мерка, но до денот на поднесување на претставката предметниот судијата нема донесено решение по предлогот за издавање на привремената мерка, со што бил изминат неразумно долг временски период и укажува на опасноста од

настанување на штета на сметка на подносителот.По спроведените извиди по повод наводите истакнати во претставката и добиената изјава од предметниот судија се констатира дека со решение на Основен суд Охрид ТС.бр.22/23 од 27.11.2023 година одбиен бил како неоснован предлогот на подносителот на претставката да се забрани на тужениот РСМ да презема дејствија и носи одлуки со кои ќе се врши било какво располагање (отуѓување, давање во трајно користење, воспоставување реален залог, давање под закуп и сл.) на предметната недвижност. При тоа, се констатира дека наводите во претставката се делумно основани. Имено, **основани се** наводите на подносителот дека изминат е неразумно подолг временски период за изготвување на одлуката, но притоа не се утврдени субјективни околности за одолговлекување на постапката од страна на предметниот судија, туку причините се од објективна природа, како што се намалениот број на судии и зголемениот обем на работа. Што се однесува до наводите во претставката дека тужителите во конкретниот случај би претрпеле ненадоместлива штета со неодлучување по предлогот, по оцена на судот се неосновани, од причина што од приложените докази не произлегло дека тужителите се стекнале со правото на сопственост на предметниот имот, а од друга страна тужениот бил запишан како сопственик на имотот врз основа на одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во катастарот на недвижности. Оттаму, таквите наводи како жалбени наводи можат да бидат предмет на анализа на стварно надлежен повисок суд, доколку подносителот навремено вложи правен лек, па во тој дел, наводите во претставката се неосновани.Во таа насока, се укажува дека согласно чл.11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Судскиот совет нема надлежност да менува или укинува судски одлуки, ниту пак може да им наложува на судовите да ја променат својата одлука.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор..

**Претставка УПП.бр.08-119/24.** Подносителот на претставката е незадоволен од постапувањето на Основниот кривичен суд Скопје по предметот К.бр.1526/23, кој донел пресуда со која била ослободена од одговорност обвинетата, која го повторила делото за кое била осудена на условна казна, при тоа не досудувајќи и ефективна казна затвор. Наведува дека со обвинетата имаат нерасчистени имотно правни односи и поради нејзиното самоволие не може да го оствари правото на службеност до неговото земјоделско обработливо земјиште, па од таа причина цели 10 години трпи штета.Истакнува и забелешки во поглед на водењето и текот на расправата и одржувањето на редот во судницата. По спроведените извиди и добиената изјава од судечкиот судија се констатира дека во конкретниот случај судот донел одбивателна, а не ослободителна пресуда спрема обвинетата, за кривичното дело „Неизвршување на судска одлука“ од чл.377 ст.5 од КЗ. Ова од причина што судот почитувајки ја националната и европската јуриспруденција, а во смисла на чл.402 ст.1 т.5 од ЗКП в.в со чл.4 од Протоколот бр.7 кон Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, утврдил дека во конкретниот случај станува збор за res judicata. Имено, обвинетата со претходно донесена пресуда на Основен кривичен суд Скопје К.бр.2619/21 од 25.05.2022 година, била огласена за виновна исто така за кривично дело „Неизвршување на судска одлука“ од чл.377 ст.5 од КЗ , затоа што во временскиот период од 30.01.2019 година до 21.10.2021 година, како лице задолжено со судска одлука, пресуда на Основен суд Скопје 2 Скопје, П.бр.450/17 од 17.10.2017 година, потврдена и правосилна со пресуда од Апелационен суд Скопје, ГЖ.бр.732/18 од 21.12.2018 година, извршна на 30.01.2019 година и донесена во постапка за издавање на наредба за заштита на права, да трпи и да дозволи на оштетениот да почне со поминување

преку утврденото право на стварна службеност пат-премин, не постапила согласно таквата правосилна и извршна судска одлука, на начин што не го отстранила ѕидот-ограда, која ја поставила од нејзина страна на местото за кое граѓанскиот суд утврдил дека е пат-премин за парцелата на оштетениот. Судот, огласувајки ја обвинетата за виновна, со цитираната кривична пресуда и изрекол алтернативна мерка - условна осуда, така што и утврдил казна затвор во траење од 1 година и истовремено определил дека вака утврдената казна нема да се изврши доколку обвинетата во временскиот период од 3 години по правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело. Пресудата во целост била потврдена со пресуда на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр. 834/22 од 04.11.2022 година. Според истакнатото, наводите во претставката се неосновани. Изискувањето на оштетената страна да обвинетата биде построго казнета за истото поведение за кое претходно добила условна пресуда, но која не го постигнала очекуваниот ефет не може да се подведе под ниту еден правен стандард, бидејќи се коси со начелото non bis idem. Судот оценил дека во конкретниот случај може да стане збор евентуално за покренување на механизми за спроведување на правосилните одлуки на граѓанскиот и на кривичниот суд, како што впрочем оштетениот и покренал иницијатива пред извршител заради спроведување на граѓанската пресуда, но во никој случај за повторно судење на обвинетата за дејствија за кои веќе била еднаш правоосилно осудена. Не основани се забелешките на подносителот во поглед на одржувањето на редот во судницата судот, од причина што судот за истото внимава по службена должност, а при што немало забелешка од било која од страните во таа насока. Во однос на наводите за влијанието на исказот на синот на обвинетата при донесувањето на одлуката, се констатира дека истите се неосновани, од причина што судот се раководел од одредбата од чл.408 ст.8 од ЗКП, според која во образложението на пресудата со која се одбива обвинението, судот нема да се впушта во оцена на главната работа, туку ќе се ограничи само на причините за одбивање на обвинението, па според тоа исказот на сведокот немал релевантно значење при донесувањето на одлуката.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор..

**Претставка УПП.бр.08-151/24.** Подносителот на претставката преку адвокат од Скопје се обраќа до Судскиот совет поради незадоволство од одлуката на кривичниот совет при Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.304/24 од 04.04.2024 година, кој постапувајќи по жалбата на обвинетиот - подносителот на претставката против решението на Основениот кривичен суд Скопје КСП.бр.122/24 од 14.03.2024 година со кое се продолжува мерката притвор на обвинетиот, ја одбива жалбата како неоснована, а првостепеното решение го потврдува.Наведува дека првостепеното решение се оспорува со жалба како незаконито поради фактот што првостепениот суд го донел по службена должност во фаза кога законот тоа не го дозволува, односно кога обвинителниот акт се уште не бил оценет, а во решението било наведено дека се носи врз основа на предлог од јавен обвинител, согласно чл.322 од ЗКП, а таков предлог немало. Посочува дека продолжувањето на мерката притвор по службена должност било предвидено во чл.172 ст.3 од ЗКП и истото судот можел да го прави само по одобрување на обвинителниот акт, додека пред одобрување на обвинителниот акт, односно кога актот се уште се наоѓа во фаза на негова оценка, кривичниот совет немал законска можност да го продолжува притворот спрема осомничениот по службена должност, туку само по предлог на јавниот обвинител, согласно чл.322 од ЗКП. Укажува дека наведеното постапување на кривичниот совет треба да се подведе под нестручно и несовесно работење.По спроведените извиди, увид во претставката и приложените докази, како и добиените изјави на кривичниот совет се констатира дека во конкретниот случај, со поднесување на обвинителниот акт КО.бр.3032/22 од 15.02.2024 година против обвинетиот за кривично дело „Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ од чл.215 ст.1 од КЗ, од страна на Јавниот обвинител даден бил посебен предлог за продолжување

на мерката притвор против обвинетиот. Во таа фаза на оцена на обвинителен акт, советот на првостепенит суд постапувал по предлогот на Јавниот обвинител истакнат во поднесениот обвинителен акт, и во таа фаза на оцена на обвинителниот акт, до донесување на решение за оцена на обвинителниот акт, првостепениот суд постапувал по предлогот на Јавниот обвинител наведен во обвинителниот акт, односно по истекот од 30 дена по службена должност во смисла на одредбите од чл.322 и чл.172 од ЗКП. Имено, откако истражната постапка била завршена и овластувањата на јавниот обивнител за доставување на посебен образложен предлог за продолжување на мерката притвор завршиле со поднесувањето на обвинителниот акт, кога бил истакнат и посебен предлог за продолжување на мерката притвор, во понатамошната фаза судот постапувал по службена должност, со оглед дека целокупните списи на предметот биле во судска постапка. Врз основа на наведеното се констатира дека наводите во претставката се неосновани. Имено, Апелациониот суд Скопје постапувајќи по изјавената жалба ги имал во предвид целокупните списи на предметот, фазата во која се наоѓала постапката и околностите кои постоеле спрема обвинетиот во корелација со околностите по однос на кривичното дело за кое бил поднесен обвинителниот акт, поради што оценил дека истакнатите жалбени наводи на обвинетиот во целост се неосновани и го потврдил првостепеното решение, давајќи образложени причини во одлуката.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор..

**Претставка УПП.бр.08-161/24.** Подносителот на претставката изразува незадоволство од Основниот кривичен суд Скопје поради нетранспарентно, тенденциозно и селективно водење на постапката по предметот К.бр.312/23, на негова штета како обвинет.Посочува дека со решение на претседателот на Основниот кривичен суд Скопје ИЗЗ.бр.37/24 од 07.03.2024 година, неговото барање за изземање на судечкиот судија по предметот К.бр.312/23 тенденциозно било одбиено како неосновано.Укажува дека кривичната пријава на МВР-СВР Скопје бр.22.21.9.1-1323/1 КУ.бр.6339/22 од 16.08.2022 година против лицата за кои подносителот смета дека се одговорни за кривичното правниот настан за кој се терети, ОЈО ја отфрлило под образложение дека пријавеното дело не било кривично дело за кое се гони по службена должност.Наведува дека обвинителството направило суштествени повреди на кривичната постапка што влијаело врз закониото и правилно носење на обвинителен предлог против него.Известува за торутура и притисок врз него и неговото потесно семејство со киднапирање, уцени, закани, омаловажување, монтирани кривични дела и донесени драконски пресуди од политички побуди. По спроведените извиди по повод наводите истакнати во претставката и анализа на доказите приложени кон истата се констатира дека предметот К.бр.312/23 пред Основниот кривичен суд Скопје бил оформен по обвинителен предлог на ОЈО Скопје против подносителот на претставката, како обвинет за кривичното дело „измама“ предвидено и казниво по чл.247 ст.1 од КЗ, од причина што обвинетиот со намера за себе да прибави противимотна корист довел и држел во заблуда определени лица со лажно прикажување на фактите.При тоа, се констатира дека наводите за нетранспарентно, тенденциозно и селективно водење на судската постапката по предметот К.бр.312/23, како жалбени наводи можат да бидат предмет на оценка на повисокиот суд, во постапка по жалба, доколку подносителот истата ја поднесе навремено. Во таа насока, наводите во претставката се неосновани.Во поглед на наводите за неправилности во постапување на Обвинителството треба да се укаже на подносителот на претставката дека следењето и оценувањето на работата на Јавното обвинителство не е во рамките на надлежностите на Судскиот совет предвидени во чл.36 од Законот за Судски совет.Останатите наводи за торутура, притисок, киднапирање, уцени, закани, омаловажување, монтирани кривични дела и донесени драконски пресуди од политички побуди се констатира дека се паушални, неаргументирани и непоткрепени со докази, па Судскиот совет не може да се впушта во оценување на истите.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор..

**Претставка: УПП.бр.08-178/24.** Во поднесокот, подносителот на претставката изразува незадоволство од постапувањето и одлуката на Судскиот совет, по изјавена претставка заведена под УПП.бр.08-105/24 од 20.03.2024 година, каде Советот на седницата одржана на 29.04.2024 година утврдил дека се работи за предмет кој е надвор од сите рокови во кои може да се бара преиспитување на било каква одговорност на судијата кој постапувал по предметот. Со оглед дека во претставката УПП.бр.08-177/24 од 28.05.2024 година не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, односно водење на постапката, постапувањето по новоподнесената претставка нема да се повтори и предметот се архивира со службена белешка согласно чл.11 од Законот за постапување по претставки и предлози.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор..

Претседателот на Советот, ги стави на гласање предлогот на известителот и по гласањето констатира дека со 8 гласа „За" , е донесена следната

ОДЛУКА

Претставката УПП бр.08-79/24 е делумно основана, претставката УПП.бр.08-119/24 е неоснована, претставката УПП.бр.08-151/24 е неоснована, претставката УПП.бр.08-161/24, претставката УПП.бр.08-178/24 е неоснована.

Претседателот на Советот му даде збор на Ханиф Зендели - заменик претседател кој ја повлече претставката УПП.бр.160/24 заради дополнителни извиди.

**Претставка УПП бр.08-78/24.** Се поднесува поради незадоволство од постапувањето на судија на Основен граѓански суд Скопје кој постапувал по предмет МАЛВП-2291/21.Советот по спроведени извиди најде дека наводите на подносителот кои се и жалбени наводи ќе бидат предмет на разгледување од страна на Апелациониот суд Скопје како надлежен да ја испитува законитоста на судската одлука, па врз основа на констатациите истата може ја потврди, укине или преиначи, се со цел за донесување на законита одлука .

**Претставка УПП бр.08-140/24** се поднесува поради незадоволство од постапувањето на судии на Апелациониот суд Скопје кои одлучувале по предметот на Основен граѓански суд Скопје МАЛВП-1956/20. Од прибавена изјава од судиите на Апелациониот суд Скопје се утврди дека со пресуда МАЛВП-2108/16 од 27.09.2018година Основниот суд Скопје 2 Скопје одлучувајќи по тужба на туижителот го усвоил истото и го задолжил тужениот да му плати на тужителот надомест на име на штета. Постапувајќи по жалба на тужениот Апелациониот суд Скопје со ГЖ-2280/19 преку делегираните судии од Апелациониот суд Битола донел решение на 17.11.2020година со кое жалбата ја уважил, а првостепената пресуда ја укинал и предметот го вратил на повторно судење со насоки наведени во истата.При повторно постапување Основниот граѓански суд Скопје со пресуда МАЛВП-1956/20 од 13.09.2021година го одбил тужбеното барање како несоновано, при тоа давајќи образложени причини по истата во смисла на процесни и материјални прописи.Апелациониот суд Скопје по жалбата на тужителот донел пресуда ГЖ-2916/22 од 14.11.2023 година со која жалбата ја одбил како неоснована, а првостепанта пресуда ја потврдил со образложени причини наведени во истата. Судечкиот совет на Апелациониот суд Скопје по предметот ГЖ-2916/22 постапувал врз основа на доказите во предметот во смисла на

член 205, член 206 и член 208 од ЗПП, како и во смисла на член 141 од ЗОО кога одлучил како во пресудата.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

Претседателот на Советот, ги стави на гласање предлозите на известителот и по гласањето констатира дека со 8 гласа „За" , е донесена следната

ОДЛУКА

Претставката УПП бр.08-78/24 е неоснована, претставката УПП бр.08-140/24 е неоснована

Претседателот на Советот наведе дека согласно чл.39 став 2 од Законот за Судски совет на РСМ е потребно да се исклучи јавноста за 7-та и 8-та точка од Дневниот ред и го стави на гласање предлогот. По гласањето констатираше дека со 8 гласа „За", е донесена Одлука за исклучување на јавноста.

**Точка 7- „Одлучување по Известување од Комисија за утврдена фактичка состојба по поднесено барање за утврдување одговорност на судија".**

**Точка 8- „Формирање на комисии на известители по поднесените барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд".**

Претседателот на Советот со оглед дека е исцрпен Дневниот ред констатираше дека седницата заврши во 14:30 часот.

Тонското снимање и листингот од гласање се составен дел од записникот.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Весна Дамева**

Изработил, Анита Андоноска- Државен советник